Врз основа на член 19 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 25 став (7) алинеа 47) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), на предлог на Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори, Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 13.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола бр. 01-343/2 од 20.12.2013 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола, бр. 0202-382/5 од 23.12.2015 година и Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола бр.0202-607/5 од 19.12.2023 година, во натамошниот текст (Правилникот/Правилникот за периодична контрола).

**Член 2**

Во членот 2 се менува ставот (2) алинеа 1) и гласи ,, Листа на вработени лиценцирани овластени ревизори со регистарски број под кој се запишани во Регистарот на овластени ревизори’’.

**Член 3**

Во членот 2 се менува ставот (2) алинеа 2) и гласи ,, Листа на вработени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во која е евидентно дека најмалку двајца овластени ревизори се вработени со полно работно време кај друштвата за ревизија или еден овластен ревизор е вработен со полно работно време кај овластените ревизори – трговци поединци. (не постара од шест месеци од денот на доставување’’ .

**Член 4**

Во членот 2 се менува ставот (2) алинеа 9) и гласи ,, Писмена изјава дека овластениот ревизор – трговец поединец не е вработен или на било кој друг начин поврзан со друг работодавец’’.

**Член 5**

Во членот 4 се менува ставот (2) и гласи ,,По исклучок, рокот за доставување на документацијата наведен во член 2 став 3 од овој Правилник, за периодичната контрола што се спроведува во 2025 година за документацијата од 2024 година, ќе биде утврден веднаш по добивање на согласност на оваа Одлука од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија’’.

*На 25.12.2024 година, СУНРРСМ даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола*

**Член 6**

Се задолжува Управниот одбор да изработи пречистен текст на Правилникот согласно донесената Одлука за измена и дополнување на истиот.

**Член 7**

Оваа Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење перодична контрола стапува во сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

***Образложение***

*Измените и дополнувањата на Правилникот за вршење перодична контрола бр. 01-343/2 од 20.12.2013 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола, бр. 0202-382/5 од 23.12.2015 година, се вршат како измени за допрецизирање на законските одредби, како и заради усогласување на текстот на Правилникот со одредбата од членот 25 став (2) точка 2) од Законот за ревизија која што се однесува на правилата за издавање на лиценца на овластен ревизор – трговец поединец.*

*Земено предвид горенаведеното, Управниот одбор на ИОРРСМ одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.*

Ненад Тортевски
Претседател на ИОРРСМ

*На 25.12.2024 година, СУНРРСМ даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола*